**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-553/5**
**Скопје, 19.09.2005 година**

**ДО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Влада на Република Македонија – сметки за донации за 2004 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има вршено ревизија и изготвено извештај за финансиските извештаи на Влада на Република Македонија – сметка за донации 040010007878529, проект “Советодавни услуги во процесот на приближување кон Европска Унија, Македонија”, за 2002 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:
   - Бранко Црвенковски, Претседател на Влада на Република Македонија во периодот од 19.11.2003 до 07.06.2004 година,
   - Миле Зечевиќ, Генерален секретар на Влада на Република Македонија во периодот од 19.11.2003 до 07.06.2004 година,
   - Хари Костов, Претседател на Влада на Република Македонија во периодот од 07.06. до 23.12.2004 година,
   - Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Генерален секретар на Влада на Република Македонија во периодот од 07.06. до 23.12.2004 година,
   - Владо Бучковски, Претседател на Влада на Република Македонија во периодот од 23.12.2004 година и
   - Снежана Станковиќ, Генерален секретар на Влада на Република Македонија во периодот од 23.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.



***Овластен државен ревизор***
______________________

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 23.05. до 31.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - Светлана Кумова - Самостоен ревизор;
   - Билјана Стојановска - Ревизор;
   - Александар Ѓорѓиевски - Ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. За сите донаторски сметки е изготвена една годишна сметка која е доставена до Централниот регистар, меѓутоа за донацијата 04001000787514 не е добиена документација од која што може да се утврди намената и висината на донацијата.

11. Според наше мислење, поради значањето на прашањето изнесено во точката 10. не изразуваме мислење на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија – сметка за донации на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значањето на прашањето изнесено во точката 10. не изразуваме мислење за законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.

**Скопје, 19.09.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**


**_Ул:"Маршал Тито"бр.12/3_**
**_Палата Македонија-Скопје;_**
**_тел: 3211-262; факс: 3126-311_**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1.1. | 8,406 | 4,754 |
| **Вкупно приходи** | | **8,406** | **4,754** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и други услуги | 3.2.1.1. | 2,909 | 2,397 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,909** | **2,397** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.2.1. | 233 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **233** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **3,142** | **2,397** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **5,264** | **2,357** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **5,264** | **2,357** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | 5,264 | 2,357 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **5,264** | **2,357** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 5,264 | 2,357 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.2. | 92 | 65 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,356** | **2,422** |
| **Вкупна актива** | | **5,356** | **2,422** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1.1. | 92 | 65 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1.2. | 5,264 | 2,357 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5,356** | **2,422** |
| **Вкупна пасива** | | **5,356** | **2,422** |


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-553/13***
***Скопје, 03.11. 2005 година***

Врз основа на член 27 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ“ број 73/2004 година – Пречистен текст) е добиен Приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи кај Владата на Република Македонија - донаторски сметки, број 05-3236/4 од 25/10/2005 година. Главниот државен ревизор го донесе следното

***Р Е Ш Е Н И Е***

По поднесен приговор на Конечниот извештај

1. Приговорот на точките 10 и 12 од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Владата на Република Македонија – донаторски сметки се прифаќа. Врз основа на изнесеното, кај Владата на Република Македонија – донаторски сметки остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

2. Приговорот на точката 11 од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Владата на Република Македонија – донаторски сметки не се прифаќа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година кај Владата на Република Македонија - донаторски сметки поднесен е приговор број 05 – 3236/4 од 25/10/2005 година со кој беа приложени дел од сметководствената документација за донацијата Phare PRAQ 3 Програма, кои не беа презентирани и при ревизијата на финансиските извештаи за 2002 година.

Образложение за неприфаќање на приговорот на точката 11 е следната:

1. Приговорот на точката 11 не се прифаќа од причина што кон дополнително доставената докуменатација не се приложени сметководствени документи за настаните во периодот од 1996 до 2003 година. Кон документацијата се приложени само сметководствена евиденција (картички) за приливите и одливите на девизните средства за наведениот период. Во текот на ревизијата беа земени во предвид само сметководствените промени кои се случиле во текот на 2004 година. Со оглед на тоа што сметководствените настани во минатиот период имаат директно влијание во изготвените финансиски извештаи Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојбата, кои се меѓусебно поврзани, односно одделни билансни позиции имаат кумулативно салдо, ревизијата не изразува мислење на финансиските извештаи на Владата на Македонија – донаторски сметки.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**
**Методија Тошевски**